АПРИЛ 2023

# КОИ СЕ НЕКОИ ОД МЕТОДИТЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА КОИ МОЖЕ ДА СЕ ПРИМЕНАТ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ?

ЗОЈА МУКАНОВА
ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ПОЛИТИЧКИ АНАЛИЗИ
Струмица

Анализата ги разгледува релевантните прашања поврзани со теоријата за градење на довербата и соработката помеѓу припадниците на различни културни групи во училиштата во Република Северна Македонија. Предметот на оваа анализа е да се идентификува како може да се користи образовниот процес за спречување дискриминација во општеството. Со таа цел ќе биде објаснето што е дискриминација и зошто е важно да се спречи истата, ќе се дискутира дали постоечките законски регулативи се ефективни и ќе се објасни улогата на образовниот процес во борбата против дискриминација. На тој начин ќе се покаже дека спречувањето дискриминација преку образованието е долг процес кој треба да вклучи соодветен избор на раководен кадар во училиштата, обука на наставниот кадар, проценка на состојбата со дискриминација во секое училиште и спречување и заштита од дискриминација во самите образовни институции. На крај, од суштинска важност е постоење сеопфатен пристап во наставната програма на сите наставни предмети, вклучително и мултиперспективност во историјата, со цел создавање демократски компетентни граѓани кои ги почитуваат човековите права.

Значењето на поимот дискриминација доаѓа од латинскиот збор **discriminare,** кој значи **„се разликува“.** Според дефиницијата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), основа за дискриминација е лична карактеристика (статус) според која лицата или групите на лица се разликуваат едни од други, а таа разлика може да биде резултат на повеќе дискриминирачки основи.[1] Во секој случај мора да постои, одредено обележје заради кое лицето има различен третман, а тоа може да биде и лична карактеристика или статус, или пак, претпоставена или сродна лична карактеристика или статус, преку која едно лице или група на лица се идентификува(ат) со одредена раса, боја на кожа, етничка припадност, јазик, државјанство, пол, род, религија, уверување, образование, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба.

Дискриминацијата може да биде практикувана на директен или индиректен начин. Директната дискриминација се карактеризира преку намерата за дискриминирање на еден

---

[1] Kjeldsen, Busk Madsen and Pedersen против Данска (App, 5095/71, 5920/71, 5929/72), 7 декември 1976 г., Серија А бр.23 (1979-90), 1 EHRR 711 $56. Во Wagner and J.M.W.L. против Луксембург Европскиот Суд за Човекови Права појаснил дека нееднаквиот третман не мора да биде врзан со основа која поттикнува предрасуди и стереотипи и ужива висок степен на заштита, туку и за кое било произволно постапување што резултирало со нееднаков третман. Извор: Wagner and J.M.W.L. v Luxembourg App.No.76240/01, 28.06.2007, како во: O’Cpnnel R. Cinderella comes to the Ball: Art 14 and the right to non-discrimination in the ECHR, 29 Legal Studies 2 (2009) pp 211-223

човек или група. На пример, дискриминација е доколку биро за вработување одбива да вработи лице од конкретна етничка припадност или пак градежна компанија не сака да продава станови на емигранти. Индиректната дискриминација се фокусира на ефектот од политиките или мерките. Тоа се случува кога очигледно неутрална одредба, критериум или практика ја става личноста или одредено малцинство во неповолна состојба, во споредба со другите. Примерите можат да се протегаат од минимални физички критериуми кои треба да ги исполнат пожарникарите кои можат да исклучат повеќе женски од машки кандидати), до училишна одредба која забранува влез или посета на луѓе кои носат шамии на главата, ставајќи ги во неповолна состојба членовите на одредени малцинства или религиозни групи.

Спречувањето дискриминација е важно поради многуте значајни негативни ефекти кои истата ги има врз општеството. Дискриминацијата има директни последици врз луѓето и групите кои се дискриминирани, но има и индиректни длабоки ефекти врз општеството како целина. Општество во кое постои дискриминација или се толерира истата е општество каде на луѓето им се ускратува слободното остварување на нивниот целосен потенцијал. Дискриминацијата може да го ограничи пристапот на поединецот до образование, вработување, домување и здравствена заштита што значи намалени можности и негативен ефект врз економската и социјалната благосостојба. Дискриминацијата создава социјална нееднаквост исклучувајќи групи од учество во општеството оневозможувајќи им пристап до ресурси и можности. Тоа може да создаде социјални поделби и тензии меѓу различни групи и да создаде услови за конфликти. Оттука, постои директна врска помеѓу борбата против дискриминација и напорите за кохерентно демократско општество.

Тежнеењето за создавање општество во кое треба да се почитуваат човековите права и каде сите се рамноправни е дефинирано во Уставот на Република Северна Македонија од 1991 година. Еднаквоста се споменува во Преамбулата на Уставот, каде се вели: „...да се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност“.[2]

---

[2] "Устав на Репулика Северна Македонија," ЈП Службен Весник на РСМ - Почетна, accessed April 14, 2023, https://www.slvesnik.com.mk/content/Ustav%20na%20RM%20-%20makedonski%20-%20FINALEN%202011.pdf.

Меѓутоа, дискриминацијата прв пат се опфаќа во закон дури во 2010 година, кога бил донесен првиот Закон за спречување и заштита од дискриминација. Меѓутоа, според анализа на Маргарита Цаца Николовска, прв судија од Република Северна Македонија во Судот за човекови права во Стразбур, од 2020 година, бројот на иницирани судски постапки на основа на тој закон бил незначителен.[3] Во октомври 2020 година, е усвоен новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, кој ги проширува дискриминаторските основи и ги дефинира видовите дискриминација, го унапредува принципот на еднаквост, го олеснува препознавањето на дискриминацијата, ја зајакнува улогата на комисијата за заштита од дискриминација, и ја предвидува можноста за поднесување на заедничка тужба. Во заклучокот на анализата на Цаца Николовска, е истакнато дека треба да се посвети значителен напор за подигањето на свеста на луѓето за постоење на дискриминацијата, нејзино спречување и препознавање. Исто така се посочува дека „во државава луѓето не ја препознаваат дискриминацијата, не се охрабруваат да ја пријават или да иницираат судски постапки пред националните судови“.[4] Како начин за еволуција на општеството во Република Северна Македонија се посочува отворено дискутирање за дискриминацијата, за постоењето маргинализирани групи и нивните човекови права,а сè со цел да се достигне едно ниво на почитување на взаемните разлики и живеење во едно заедничко општество кое нема да ги диференцира луѓето поради некоја нивна карактеристика како полот, возраста, етничката припадност, припадност на маргинализирана група, различната сексуална ориентација, родовиот идентитет и други дискриминаторски основи.[5] Следствено, треба да се работи на подигање на знаењата и свеста за дискриминација и да се негува култура на отворено дискутирање на теми кои се релевантни за човековите права.

Податоци за пријавена и утврдена дискриминација се објавуваат од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Според објавените податоци од Комисјата, дискриминација во Република Северна Македонија се врши од поединци но и од државни институции. Според прифатените пријави за дискриминација од Комисијата за заштита од

---

[3] Margarita Caca Nikolovska, "ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА," IHR - Почетна, last modified December 2020, https://www.ihr.org.mk/storage/app/media/Publications/Analiza%20diskriminacija%20vo%20RSM%202020.pdf.
[4] Ibid.
[5] Ibid.

дискриминација, во државата постои дискриминација на родова, етничка, верска основа но и кон лицата со попреченост.




Извор: Годишен извештај на Комисија за спречување и заштита од дискриминација[6]

[6] Комисија за спречување и заштита од дискриминација, "Годишен извештај," Почетна - KSZD, last modified 2021, https://kszd.mk/wp-content/uploads/2022/03/Godisen-izvestaj-2021.pdf.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и судската власт имаат реактивна улога во однос на дискриминација, додека образованието има можност да делува превентивно делувајќи во насока на кревање на свеста и нивото на знаење за човековите права и дискриминацијата. Меѓутоа, превенцијата не може да е ефективна доколку постои дискриминација во самиот образовен систем. Дополнително, справувањето со дискриминацијата во образованието е од голема важност бидејќи децата и младите кои се третирани неправедно или дискриминирани имаат поголема веројатност да имаат:
*негативни ставови кон училиштето, пониски нивоа на мотивација и академски достигнувања, поголем ризик од напуштање на формалното образование, искуство на малтретирање, проблеми со менталното здравје.*[7]
Оттука, спречување дискриминација во училиштата има влијание врз квалитетот на образование и врз борбата против дискриминација во општеството.

Новиот Закон за основното образование[8] забранува дискриминацијата во основното образование на сите основи, вклучително и сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Законот прецизира дека дискриминацијата е забранета во воспитно-образовниот процес. Меѓутоа, во 2022 и 2023 година се утврдени случаи на дискриминација во училиштата на верска и етничка основа, како и на кон лица со попреченост. Според изнесените податоци на страницата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во 2022 година имало седум (7) случаи на утврдена дискриминација сторени од Министерството за образование и наука или од образовни установи. Овој број на случаи изнесува околу единаесет (11) проценти од сите утврдените случаи на дискриминација во државата. Дискриминацијата во училиштата била сторена на етничка основа, верска основа и кон лица со попреченост. Тоа укажува дека одреден раководен кадар во образовните установи не препознава што е дискриминација и/или свесно врши дискриминација. Непрепознавањето значи дека е потребна обука и кревање на свесноста. Меѓутоа, доколку свесно се врши дискриминација можна причина за тоа е неприфаќање на некои од демократските вредности како: почитување на достоинство на

---

[7] "Tackling Discrimination," Council of Europe, accessed April 14, 2023, https://www.coe.int/en/web/campaign-free-to-speak-safe-to-learn/tackling-discrimination#6.
[8] "Закон за основното образование," Министерство за образование и наука, accessed April 14, 2023, https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20osnovnoto%20obrazovanie%20-%20nov.pdf.

човекот и човекови права, почитување на културната разновидност, почитување на демократија, правда, непристрасност, рамноправност и владеење на правото. И во двата случаи ефектите кон дискриминираните се исти, а таков образовен систем во кој постои дискриминација веројатно нема да е ефективен во создавање демократски граѓани кои ги почитуваат човековите права. Напротив, таков систем може да предизвика радикализација и поделби.

Дискриминација може да се случи во речиси секој аспект од училишниот живот, од ставовите и очекувањата на наставниците до училишните правила и кодекси на однесување, практики за селекција и групирање, наставни програми, наставни методи и материјали, промена на објектите, насоки за кариера, храна во мензата и друго. Која и да е формата, без разлика дали се работи за паралелни училишни системи за различни етнички групи, концентрации на малцински или обесправени деца во истото училиште или различен пристап до образовни услуги, тоа значи намален квалитет на образование за учениците кои се дискриминирани.[9] Според истражување, во склоп на докторска дисертација, на г-дин Бујар Адили, е утврдено дека во основните училишта интеркултурните компетенции се на средно ниво, а околу дваесет (20) проценти од наставниците немаат обука ниту самите се едуцирале во однос на интеркултурните компетенции.[10] Оттука, самото донесување законска регулатива не е доволно, туку е потребно спроведување на законот, обука на персоналот и избор на раководен кадар кој во пракса ги застапува демократските вредности.

Прв чекор за минимизирање на дискриминација во училиштата треба да биде проценка на моменталната ситуација во секое училиште, при што треба да се идентификуваат силните страни што постојат и да се одредат потребите и приоритетите. За да се постигне тоа може да користат анкети, прашалници, фокус групи од ученици, родители и професионален кадар. Врз основа на проценетата состојба треба да се одредат приоритети за активности

---

[9] "Improving Well-being at School," Democratic Schools for All, accessed April 10, 2023, https://www.coe.int/en/web/campaign-free-to-speak-safe-to-learn/tackling-discrimination/-/asset_publisher/4a3esYbkstv9/content/improving-well-being-at-school#:~:text=Discrimination%20is%20a%20human%20rights,for%20human%20rights%20and%20citizenship.

[10] Бујар Адили, Универзитет „Гоце Делчев“, "Интеркултурни компетенции на наставникот во основното училиште," UGD Academic Repository - UGD Academic Repository, last modified 2022, https://eprints.ugd.edu.mk/29783/1/Doktorski%20trud%20Bujar%20Adili%20-%20Final.pdf.

за справување со дискриминација. При дефинирање на приоритетите важно е училишниот персонал да ги земе предвид своите верувања, пристрасности и вредности во однос на дискриминацијата, вклучувајќи ги и предрасудите. Без активности за реално дефинирање на состојбата и без континуиран механизам за детекција на дискриминација не е можно создавање ефикасен и ефективен план за спречување и заштита од дискриминација.

После детекција и одредување приоритети може да започнат плански активности за спречувањето дискриминација.  Иако во секое училиште приоритетите ќе се разликуваат она што е заедничко е идентификување на стереотипите и создавање на процедури за детектирање и следење на дискриминација. Дополнително, без разлика на спецификите и одредените приоритети за спречување на дискриминација во самото училиште, самиот образовен процес треба да влијае кон создавање демократски вредности и односи, како и да им овозможи знаења и вештини за критичко мислење, анализа, дискусија на Светот и општеството во Република Северна Македонија. Дополнително, според публикација на Советот на Европа,[11] за да се осигура дека сите потреби на учениците се задоволени подеднакво и истите се стекнуваат со демократска култура, училиштата треба да им дадат приоритет на јазичните и културните компетенции, мултиперспективноста во историјата и родовата еднаквост.[12] Учениците треба да бидат во позиција каде нивното мислење е слушнато и разбрано, а родителите треба да се вклучени во процесот на одлучување во училиштето. На овој начин учениците можат да се стекнат со компетенции за демократска култура, да го исполнат својот потенцијал во училиштето и во општеството.

---

[11] "Improving Well-being at School," Council of Europe, accessed April 14, 2023, https://www.coe.int/en/web/campaign-free-to-speak-safe-to-learn/tackling-discrimination/-/asset_publisher/4a3esYbkstv9/content/improving-well-being-at-school#:~:text=Discrimination%20is%20a%20human%20rights,for%2.

[12] Ibid..

| Компетенции за создавање демократска култура (според публикација на Совет на Европа)[13] | | | |
|---|---|---|---|
| **вредности** | **однос** | **вештини** | **знаење и критичко сфаќање** |
| - Почитување на достоинство на човекот и човекови права<br>- Почитување на културната разновидност<br>- Почитување на демократија, правда, непристрасност, рамноправност и владеење на правото | - Отвореност кон културата на другите и верските верувања на другите, светски поглед и практики<br>- Почит<br>- Одговорност<br>- Толерантност кон нејасни ситуации<br>- Верба во своите способности | - Вештина за самоедукација<br>- Вештина за аналитичко и критичко мислење<br>- Вештина за слушање и набљудување<br>- Емпатија<br>- Флексибилност и прилагодливост<br>- Лингвистички, комуникациски и мултилингвистички вештини | - Знаење и критичко сфаќање на самиот себе<br>- Знаење и критичко сфаќање на јазик и комуникација<br>- Знаење и критичко сфаќање на Светот: политика, закони, човекови права, култура, култури, религии, историја, медиуми, економија, животна средина, одржливост |

Знаењата кои треба да ги здобијат учениците во училиштата за да станат демократски и интеркултурно компетентни граѓани во демократско општество се идентификувани од страна на Советот на Европа и се наведени во моделот на компетенции. За постигнување на потребните компетенции граѓаните треба да имаат критичко сфаќање за Светот, вклучувајќи ја политиката, законите, човековите права, културите, религиите, медиумите,

[13] COUNCIL OF EUROPE, "REFERENCE FRAMEWORK OF COMPETENCES FOR DEMOCRATIC CULTURE," COUNCIL OF EUROPE, last modified 2018, https://rm.coe.int/prems-008318-gbr-2508-reference-framework-of-competences-vol-1-8573-co/16807bc66c.

економиите, животната средина и одржливоста. Знаењето и сфаќањето на човековите права според овој модел подразбира знаење и сфаќање на човековите права дефинирани во Универзалната декларација за човекови права, Европската конвенција за човекови права и Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето. Дополнително, потребно е сфаќање за односот помеѓу демократија, правда и човекови права, но и знаење и разбирање дека различни општества имаат различна интерпретација за човекови права. Покрај знаење за регулативи, потребно е да се сфати како принципите за човекови права се користат во пракса, како се постапува во случај на нивно прекршување и како се разрешуваат ситуации кога постои конфликт помеѓу различни човекови права. Од посебна важност, според овој модел, е знаењето и разбирањето на историјата кое треба да вклучува како се формираат стереотипи и како тоа е форма на дискриминација и како тоа понекогаш водело во реализација на злосторства против човештвото.[14] Моделот на компетенции може да се користи како репер за квалитетот на образование во Република Северна Македонија, поточно може да се направи споредба дали предметите во основното образование се усогласени со моделот на компетенции по содржина, како и дали бројот на предвидени наставни часови овозможува стекнување на наведените компетенции.

Интеркултурноста во образованието се обезбедува преку вклучување мултикултурни содржини кои ги промовираат културните карактеристики на сите етнички/религиски заедници што живеат во Република Северна Македоија и/или промовираат интеракцијата меѓу припадниците на овие заедници, а интеркултурните содржини е предвидено да бидат застапени во наставните програми за сите предмети за кои тоа е можно.[15] Интеркултурната компетенција е многу важна за подготвеноста на наставникот за поучување на учениците во мултикултурни средини. Во функција за зајакнување на процесот на поддршка на концептот за интеркултурно образование е прирачникот **„Како до интеркултурно образование“**, наменет за зголемување интеркултурните компетенции на наставниците како и зајакнување на влијанието на интеркултурниот аспект во наставата. Она што е особено важно во прирачникот е нагласената улога на училиштата во

---

[14] Ibid.

[15] Биро за развој на образованието, "Стандарди за интеркултурно образование," Биро за развој на образованието – БРО, last modified 2021, https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2021/08/Standardi-za-interkulturno-obrazovanie-Makedonska-verzija.pdf.

иницирањето на соработката со родителите преку разновидни организациони форми, но и локалната општинска власт, во креирањето и развивањето на стратегии за поддршка на културниот диверзитет во мултиетничките училишта. Оттука, може да се заклучи дека интеркултурните компетенции предвидуваат промени во едукацијата и на наставниот кадар и на учениците, како и ставање во пракса на демократските принципи преку соработка на училишта, родителите и општинските власти.

Образованието за демократско граѓанство, во основното образование во Северна Македонија, за своја цел има обезбедување, почитување и прифаќање на разликите во рамките на локалните, националните, регионалните и интернационалните заедници.[16] Демократското граѓанско образование освен што ги подготвува учениците да ги разберат принципите на демократија, вклучува едукација за граѓанско учество и застапување. Предметот опфаќа тематики кои нудат знаење за владините структури, политичките процеси и граѓанскиот ангажман. Исто така се е вклучено стекнување знаења за анализа на медиумите и изворите на факти, развивање вештини за ефективна комуникација и промовирање активизам за општествени промени. Следствено, овој предмет е директно поврзан со компетенциите наведени во моделот посочен од Советот на Европа.

Концепцијата за девет годишно основно образование во рамките на македонскиот образовен систем вклучува теми кои можат да се сретнат во сите учебници на директен или индиректен начин. Уште од прво одделение учениците имаат образовни содржини релевантни за стекнување интеркултурни компетенции преку образовниот процес. Содржини поврзани со човекови права и права на децата како и сфаќање на културните и други разлики се вклучени во „слободни изборни предмети“ со времетраење од околу шест (6) наставни часа во текот на годината. Инклузијата на лица со попреченост е вклучена во различни предмети со нагласување на интеграција преку сликовни прикази, тестови и песни. Во прво, второ, четврто и петто одделение има слободен изборен предмет

---

[16] Karen O'Shea, "A GLOSSARY OF TERMS FOR EDUCATION FOR DEMOCRATIC CITIZENSHIP," Nemzeti Erőforrás Minisztérium, last modified 2003, https://www.nefmi.gov.hu/letolt/nemzet/eu/A%20Glossary%20of%20terms%20for%20education%20for%20democratic%20citizenship.pdf.

кој е застапен два часа неделно и на кој може да се реализираат содржини и работилници од Прирачникот за образование за животни вештини. Во Прирачникот се вклучени темите „Јас-личен развој“, „Јас и ти-интерперсонални односи“, „Јас и другите-општествени односи“. Овие теми, кои се релевантни за компетенциите изнесени во моделот на компетенции на Советот на Европа, изнесуваат околу триесет (30) проценти од целиот прирачник. Во трето одделение, во школската 2022/23, еднаш неделно се реализира час на одделенската заедница и на тие часови е предвидено да се реализираат работилници и содржини по претходно наведениот прирачник. Во второ одделение по предметот Општество, дваесет и пет (25) проценти од часовите опфаќаат содржини поврзани со човековите права и спречување дискриминација. Во четврто и петто одделение по предметот Историја и општество, една третина од содржините се поврзани со човекови права и спречување дискриминација.

Учебникот по Граѓанско образование за VIII одделение содржи тема-,,Претстава за себе како граѓанин” која обработува содржини кои се однесуваат на личниот и групниот идентитет. Оваа содржина опфаќа три (3) проценти од вкупниот број на содржини на учебникот. Темата број два, именувана како ,,Соработка и поврзаност во граѓанското општество“ обработува содржини кои се однесуваат на сличностите и разликите меѓу луѓето меѓу граѓанското општество, припадноста кон заедниците, соработката и поврзаноста во заедницата. Овие содржина опфаќа четири (4) проценти од вкупниот број на содржини од учебникот. Темата број 3 носи наслов „Граѓанинот и општеството“, и се однесува на содржини кои објаснуваат и подучуваат за улогата на граѓанинот во општеството, развојот на човековите права, видовите права и одговорности, обработка и анализа за стереотипи, предрасуди и дискриминација. Оваа содржина е застапени со дваесет и пет (25) проценти од вкупниот број на содржини од учебникот. Значи, по предметот Граѓанско образование за VIII-одделение, триесет и два (32) проценти од содржините на учебникот обработуваат содржини кои директно се однесуваат на образованието за човекови права, граѓанското демократско образование и мултикултурноста на нашето општество. Учениците предметот го изучуваат со по еден час во неделата и со вкупен број од триесет и шест (36) часа во рамките на една наставна година.

Учебникот за Граѓанско образование за IX-одделение сеуште не е дистрибуиран во училиштата и истиот учениците можат да го користат само во е-форма. Во однос на неговите содржини: темата број два (2) е именувана како „соработка и поврзаност во граѓанското општество и истата опфаќа содржини кои учениците ги подучуваат за прифаќање и почитување на различностите, формирањето на своите ставови и гледишта, причините за нетрпеливост, појавата на конфликтите како и механизмите кои се развиени за нивно спречување. Во оваа тема директно се објаснува за мултикултурализам и интеркултурализам. Оваа тема опфаќа четири (4) проценти од вкупниот број на содржини од учебникот. Темата број 4 е именувана како „културата, културниот идентитет, религијата и социјалните медиуми“. Темата е фокусирана на културата и културниот идентитет, а е застапена со три (3) проценти од вкупниот број на содржини од учебникот. Следствено, во учебникот по Граѓанско образование за IX-одделение само седум (7) проценти од содржините подучуваат за демократското граѓанство и се поврзани со интеркултурното образование. Учениците предметот го изучуваат со по еден час во наставната недела и со вкупен број од триесет и шест (36) часа во рамките на една наставна година, што значи дека само 3-4 наставни часа во годината се изучуваат интеркултурни компетенции, човекови права и демократија.

Во прирачникот за образование на животни вештини за VII-до IX-одделение се понудени различни образовни тематики креирани од експертски тим на центарот за човекови права и разрешување конфликти. Темата број три (3) од овој прирачник носи наслов „Јас и другите – општествени односи“, содржините се однесуваат на препознавање на базичните човекови права, недискриминација, меѓусебно подржување и соработка, донесување на одлуки во група и разбирање на демократијата. Овие содржини се обработуваат на часот на одделенската заедница. Од вкупниот број на содржини тринаесет (13) проценти се содржини кои се однесуваат на ОЧП и ГДО.

Во групата наставни дидактички материјали чии содржини содржат компоненти на демократското граѓанство и интеркултурното образование се: Практикум за интегрирање на мултикултурното учење во наставата за основно и средно образование, кој во целост обработува примери за мултикултурно учење во наставата, Прирачник за наставниците и

стручните служби во училиштата „Демократско учество на учениците во училиштата“ во кои се дефинира значењето на демократското учество на учениците и во кои се содржани насоки за обезбедување на механизмите за нивно демократско учество. Понатаму, „Стандарди за интеркултурно образование“ е документ кој го подржува развојот на интеркултурните компетенции и определба на стандардите за интеркултурно образование. Значи, наставниците имаат на располагање прирачници кои може да ги користат за подготовка на поквалитетна настава за интеркултурни компетенции.

Содржините во учебниците за основно образование покажуваат дека интеркултурните компетенции, владеење на правото, демократските вредности и човековите права, разрешувањето конфликти преку дијалог и слично е вклучено во наставните програми. Област во која се најавени реформи кои сеуште не се реализирани се реформи во програмата и начинот на изучување на историјата, а кои се најавуваат веќе неколку години. МОН има најавено дека подготвува нов модел на настава во ќе се смени концептот на кој учениците ќе ја изучуваат историјата. Целта на реформите е на учениците да им даде целосна слика за одреден настан или тема преку интердисциплинарен и интегриран пристап.[17] Доколку најавените реформи се во линија на препораките на Советот на Европа, тие би требало да се фокусирани и на мултиперспективност во изучување на историјата.

Може да се заклучи дека во Република Северна Македонија постои дискриминација во општеството, па дури и во самите образовни институции. На државно ниво, во најголем процент дискриминацијата е на основа на пол, род и сексуална ориентација, додека во образовните институции застапена е дискриминација на основа на етникум, вера и попреченост. Законската регулатива која ја третира дискриминацијата во државата е релативно нова, поточно постои помалку од петнаесет години. Последните законски промени се направени пред околу три (3) години и сеуште е рано да се видат ефектите од истите. Судската власт, до 2020 година, немала завршен процес за ниту еден случај на дискриминација, што укажува дека општеството како целина сеуште нема високо ниво на

---

[17] "МОН: Не се укинува ниту историја, ниту една научна дисциплина, ќе се изучуваат поврзано," Министерство за образование и наука, accessed April 14, 2023, https://mon.gov.mk/m/content/?id=3583.

препознавање, пријавување и процесирање дискриминација. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврдува дискриминација, но актите на Комисијата во пракса претставуваат само препораки. Дополнително, загрижува фактот дека значителен дел од утврдените постапки на дискриминација се сторени од државниот систем за образование и тоа на основа на етничка, верска припадност или кон лица со попреченост. Тоа укажува дека Република Северна Македонија сеуште нема изградено функционален и ефективен систем за спречување и заштита од дискриминација, а дека во образовниот систем има лица кои не се запознаени што е дискриминација или не ги споделуваат демократските вредности и/или не ги почитуваат човековите права.

Идентификуваните компетенции од страна на Советот на Европа, потребни за создавање граѓани со високо ниво на демократска култура, даваат корисни насоки кон што треба да се насочи образовниот процес во Република Северна Македонија. Интеркултурните компетенции и човекови права се веќе дел од образовниот процес уште во основното образование. Меѓутоа, иако образовниот процес вклучува содржини за интеркултурни компетентности уште од прво одделение, квалитетот на процесот зависи од квалитетот на обученоста на наставниот кадар. Клучно во реализација на образовниот процес е дали самиот наставен кадар ги споделува демократските вредности и поседува интеркултурни компетенции. Затоа е потребно да се даде фокус на обука на истиот и да се има квалитетен избор на раководни лица во образовните установи кои ги споделуваат и почитуваат демократските вредност.

Клучна улога за реализиција на квалитетна настава е мотивација на учителите, бидејќи истите континуирано треба да вложуваат труд за самоедукација и реализација на комплексни содржини поврзани со интеркултура, мултиперспективност и слично. Недостатокот на учебници, или користење учебници само во електронска форма е проблем кој дополнително го отежнува наставниот процес и работата на наставниците.

Дополниително, некои компетенции како вештина за аналитичко и критичко мислење, вештина за слушање и набљудување, знаење и критичко сфаќање на Светот и други компетенции, е потребно да бидат поддржани преку наставните програми и содржини на повеќе општествени предмети. Предметите како Граѓанско општество и Етика немаат

доволен број наставни часови за само преку нив да се стекнат посакуваните компетенции. Посебен предизвик претставува реформите во предметот историја и користење мултиперспективност во историјата, бидејќи последните години се подготвуваат промени во основното образование за овој наставен предмет, но истите сеуште се немаат случено.

Спречувањето дискриминација преку образованието е долг процес кој побарува раководен кадар во училиштата кој ги споделува демократските вредности и почитува човековите права , обучен и мотивиран наставниот кадар, механизам за детекција на дискриминација во училиштата и сеопфатен пристап во плановите и содржините на сите училишни предмети во кои може да се промовираат човековите права, демократијата и спречувањето дискриминација.

Библиографија:

Caca Nikolovska, Margarita. "ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА." IHR - Почетна. Last modified December 2020. https://www.ihr.org.mk/storage/app/media/Publications/Analiza%20diskriminacija%20vo%20RSM%202020.pdf.

COUNCIL OF EUROPE. "REFERENCE FRAMEWORK OF COMPETENCES FOR DEMOCRATIC CULTURE." COUNCIL OF EUROPE. Last modified 2018. https://rm.coe.int/prems-008318-gbr-2508-reference-framework-of-competences-vol-1-8573-co/16807bc66c.

"Improving Well-being at School." Council of Europe. Accessed April 14, 2023. https://www.coe.int/en/web/campaign-free-to-speak-safe-to-learn/tackling-discrimination/-/asset_publisher/4a3esYbkstv9/content/improving-well-being-at-school#:~:text=Discrimination%20is%20a%20human%20rights,for%20human%20rights%20and%20citizenship.

O'Shea, Karen. "A GLOSSARY OF TERMS FOR EDUCATION FOR DEMOCRATIC CITIZENSHIP." Nemzeti Erőforrás Minisztérium. Last modified 2003. https://www.nefmi.gov.hu/letolt/nemzet/eu/A%20Glossary%20of%20terms%20for%20education%20for%20democratic%20citizenship.pdf.

"Tackling Discrimination." Council of Europe. Accessed April 14, 2023. https://www.coe.int/en/web/campaign-free-to-speak-safe-to-learn/tackling-discrimination#6.

Адили, Универзитет „Гоце Делчев“, Бујар. "Интеркултурни компетенции на наставникот во основното училиште." UGD Academic Repository - UGD Academic Repository. Last modified 2022. https://eprints.ugd.edu.mk/29783/1/Doktorski%20trud%20Bujar%20Adili%20-%20Final.pdf.

Биро за развој на образованието. "Стандарди за интеркултурно образование." Биро за развој на образованието – БРО. Last modified 2021. https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2021/08/Standardi-za-interkulturno-obrazovanie-Makedonska-verzija.pdf.

"Закон за основното образование." Министерство за образование и наука. Accessed April 14, 2023. https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20osnovnoto%20obrazovanie%20-%20nov.pdf.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација. "Годишен извештај." Почетна - KSZD. Last modified 2021. https://kszd.mk/wp-content/uploads/2022/03/Godisen-izvestaj-2021.pdf.

Министерство за образование и наука. е-учебници. Accessed April 17, 2023. https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/.

"МОН: Не се укинува ниту историја, ниту една научна дисциплина, ќе се изучуваат поврзано." Министерство за образование и наука. Accessed April 14, 2023. https://mon.gov.mk/m/content/?id=3583.

"Устав на Репулика Северна Македонија." ЈП Службен Весник на РСМ - Почетна. Accessed April 14, 2023. https://www.slvesnik.com.mk/content/Ustav%20na%20RM%20-%20makedonski%20-%20FINALEN%202011.pdf.